# Упатство за регистрација на нови фонограми

1. Пријавување на нови фонограми можат да направат само регистрирани членови на ММИ.
   За да се пријават нови фонограми во системот на  ММИ потребно е на сајтот на ММИ ([www.mmi.mk](http://www.mmi.mk)) да се најавите со кликнување на иконата **Најави се**.



2. Со внесување на емаил адресата и лозинката кои ги дадовте при регистрација ќе влезете во системот на ММИ.



3. По успешното логирање и влегување во системот на ММИ имате можност да ги администрирате Вашите лични податоци (1), да ги пријавувате делата (2), да имате увид во тековната состојба (3) и да ги видите финансиските извештаи (4).

Во менито (5) од левата страна линковите се дуплирани со цел да биде побрза и полесна работата на корисникот.

Под Известувања (6) ќе се генерираат извештаите за Вашите активности, односно, кои дела се пријавени, известување дека се одобрени и сл.



4. Доколку првпат се пријавувате во системот на ММИ задолжително влезете во **<u>Преглед и измена на податоци</u>** каде ќе ги дополните податоците, а исто така ќе можете да ги ажурирате по потреба. Посебно е важно да се пополнат **податоците за плаќање** за да може да Ви се изврши исплата од страна на ММИ по пресметковниот период.



5. Кратки објаснувања за пополнување на податоци за нов фонограм.

**Вид (1)** – делото може да е студиска снимка (фонограм) или снимена изведба од јавен настап (ТВ, концерт и сл.);
**Наслов на делото (2)** – Тука се запишува името на песната, а како **Алтернативен наслов (3)** се запишува евентуално некое друго име на делото доколку го има.
Во полето **Изведувач/Состав (4)** се запишува името на водечкиот пејач(ка) или група(оркестар) која го изведува делото.
**Автор (5)** – се запишува името на композиторот или името на составот доколку повеќе автори учествувале во создавање на делото.
Доколку делото е дел од колекција на фонограми како на пример, албум или фестивал, се запишува името на албумот или фестивалот со година на изведба во **Наслов на издание/Албум (6)**.
Доколку постојат **Каталошки број (7)** и **ISRC код (8)**, се запишуваат во соодветните полиња.
**Година на издавање (9)** е годината кога делото е издадено од страна на продуцентот, додека **Година на снимање (10)** е годината кога делото е снимано.
**Држава на снимање (11)** е државата во која е снимено делото. Доколку имате аудио снимка на делото, тоа може да се прикачи во МП3 формат (mp3, 44.1 Khz, 128 bps, Stereo). Кликнете на **Choose File (12)** копчето кое се наоѓа кај **Закачи нова mp3 датотека (12)**, и по одбирањето на датотеката од Вашиот компјутер ќе можете да ја означите за пренос кој што ќе започне на крај од пријавувањето на делото т.е. кога ќе притиснете **Снимај (15)**.
Во полето **Продуцент (13)** се внесува името на произведувачот на фонограмот кој го финансирал, организирал и ги превзел сите активности за тоа дело биде снимено. Обично тоа се правни лица, компании издавачи, фестивали, но исто така може да биде и физичко лице кое финасиски стои позади проектот.
Во полето **Изведувачи (14)** се внесуваат сите лица кои свиреле, пееле, снимале, миксале или на било кој начин придонеле во создавање на делото. Постои можност да се внесат проценти за распределба врз основа на меѓусебен договор помеѓу изведувачите, а доколку не се внесат вредности во делот за проценти, тогаш распределбата се врши според Правилникот за распределба на ММИ. Во член 8 од Правилникот подетално се дефинирани улогите на изведувачите.
Откако се внесат сите расположиви податоци со кликнување на **Снимај (15)**, започнува снимањето на податоците од пријавата и mp3 датотеката на серверот на ММИ. Важно е да се напомене дека вчитувањето може да трае 1-2 минути и треба да се причека додека да се добие известување за успешно вчитување.


ММИ > Мои фонограми > Д
mmi.mk/nositel/Record.aspx
ММИ
ДОМА
МОИ ПОДАТОЦИ
Измени податоци
МОИ ФОНОГРАМИ
Додади фонограм
Прегледај фонограми
ММИ > Мои фонограми > Додади фонограм
Смени улога: Изведувач
Носител Право | Одјави се
Пополнете ги задолжителните полиња означени со (*). Дополнување или измена можете да направите во делот "Прегледај фонограми" со избор на опцијата "Измени".
Вид
Фонограм
1
Снимена изведба
Наслов на делото*
2
Алтернативен наслов
3
Изведувач/Состав*
4
Автор*
5
Наслов на издание/Албум
6
Времетраење*
мин
сек
Каталошки број
7
ISRC
8
Година на издавање
9
Година на снимање
10
Држава на снимање
11
Закачи нова mp3 датотека
12
Choose File
No file chosen
Во полињата за продуцент/радиодифузер (лицето кое го финансира снимањето на фонограмот или снимката) или изведувачи започнете со пишување на името. Ако се веќе регистирани на системот ќе се појават како предлог во паѓачка листа. Изберете една од понудените опции ако одговара на вашето барање, во спротивно Ве молиме да го напишете целосното име (ако се работи за лице, име и презиме) и потоа изберете ја опцијата "Нерегистриран продуцент/изведувач". Ако постојат повеќе продуценти/радиодифузери или изведувачи, ги наведувате сите еден по еден.
Да се пополнат полињата со проценти доколку со договор е утврден поинаков сразмер на распределба од оној утврден со Правилникот за распределба на надоместоци.
Продуцент*
13
Име
Име на продуцентот
Процент
Внесете продуценти во полето погоре
Изведувачи*
14
Име
Име и презиме
Улога
Процент
Внесете изведувачи во полето погоре
15
Снимај
Откажи
Developed by GRID System

6. По успешно внесување на пријавата на фонограмот или снимената изведба во системот на ММИ се појавува извештајот и од тука може да се **симне ПДФ датотеката (1).** Важно е да се напомене дека ММИ треба да го одобри фонограмот за да биде земен во предвид за обработка. Затоа е задолжително да се отпечати и потпише ПДФ документот од страна на лицето што ја пополнило пријавата и истиот да се достави во ММИ.

Доколку имате повеќе фонограми да пријавувате, во тој случај со кликнување на **Внеси нов фонограм (2)** се враќате во претходната страна за пријавување фонограм со тоа што полињата се празни и можете да ги пополнувате податоците за новиот фонограм. Во случај да пополнувате податоци за фонограми кои што имаат голем број на исти податоци (на пример песни од албум од група каде повеќето изведувачи се исти на сите песни) тогаш можете да ја користите опцијата **Клонирај (3)** каде што се појавуваат истите податоци од фонограмот кој претходно сте го пријавиле и тогаш треба да се сменат само наколку податоци (на пример, името на песната, траењето и ISRC кодот).



7. Постои можност да се види статусот на фонограмите со кликнување на **Прегледај фонограми**. Пожелно е да се изврши проверка после неколку дена поради проверка на статусот на фонограмот, т.е. дали е одобрен откога е доставена потпишаната ПДФ пријава

